**20222183119**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.96/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 октомври 2022 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И УСЛОВИТЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ВО СЛУЧАИ НА ВРЕМЕНСКИ И ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ, ХАВАРИИ И НАРУШУВАЊА НА ПАЗАРИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, НАЧИНОТ НА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО КРИЗНА СОСТОЈБА, МЕРКИТЕ ШТО СЕ ПРЕЗЕМААТ ВО СЛУЧАЈ НА КРИЗНА СОСТОЈБА, КАКО И ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ

Член 1

Во Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 246/21, 300/21 и 74/22 ) во членот 7 во ставот (1) по точка 2 додаваат две нови точки 3) и 4) кои гласат:

„3) спречување на злоупотреби и манипулации при обезбедување на универзална услуга на пазарот на електрична енергија,

4) обезбедување на непречено и сигурно снабдување со електрична енергија од страна на универзалниот снабдувач на потрошувачите кои вршат дејност од јавен интерес, како и други потрошувачи кои не се снабдуваат од универзалниот снабдувач, заради заштита на животниот стандард“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8882/1
4 октомври 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.